2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во идни случаи пред Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, кои се од повторувачки карактер, односно во кои се покренуваат идентични наводи како оние за кои Европскиот суд за човекови права веќе констатирал повреда во случај против Република Северна Македонија, а во услови на слични фактички и правни околности, во постапките пред Европскиот суд за човекови права да изнесе евентуални приговори по однос на допуштеноста на апликациите пред Европскиот суд за човекови права, доколку тоа е можно во специфичните околности на секој случај поодделно, и/или алтернативно во делот на основаноста на истите апликации да ја признае повредата на Европскиот суд за човекови права и за тоа да изрази жалење во името на Владата на Република Северна Македонија, без притоа да презема било какви финансиски обврски во името на Владата и без да бара посебно овластување од Владата на Република Северна Македонија за таквото постапување во секој поединечен случај.

## Точка 43

Владата го разгледа Годишниот извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2024 година, го усвои и заклучи во рок од 30 дена да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 44

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2022 година за спроведувањето на планските документи за регионален развој преку податоци од програмите евидентирани во системот Си-Ре-Ра и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за спорт, Министерството за култура и туризам, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а им се укажува на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, Јавното претпријатие за државни патишта, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД-Скопје во државна сопственост, во рок од пет дена да направат комплетен внес на релевантните податоци за 2022 година од нивните програми/проекти во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој СИРЕРА (sierra.mk).

2. Се задолжува Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за спорт, Министерството за култура и туризам, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а им се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Јавното претпријатие за државни патишта, Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД-Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, во рок од 10 дена, да направат целосен внес на податоците за 2023 година од нивните програми/проекти во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој СИРЕРА (sierra.mk).

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „EURASIAN PEACE 25“, во Република Турција.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за реорганизација на Фондот за иновации и технолошки развој и предлог за спојување со Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за образовани и наука во рок од десет дена да формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој, за изработка на нов или изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност со кој ќе се регулира реорганизацијата на Фондот за иновации и технолошки развој.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за Акциски план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во Република Северна Македонија, 2025 - 2030, со текст на Акциски план, ја усвои и го прифати Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во Република Северна Македонија, 2025 – 2030.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на повеќе инвестициски портфолија (мулти фондови) во капитално финансирано пензиско осигурување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Народната банка на Република Северна Македонија, до Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 10 дена, да номинираат претставници за работната група за подготвување на предлог решенија за изменување на законската регулатива заради воведување на повеќе инвестициски портфолија (мултифондови) во капитално финансирано пензиско осигурување.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади по добивањето на номинациите од Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Народната банка на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да формира Работна група за подготвување на предлог-решенија за изменување на законската регулатива заради воведување на повеќе инвестициски портфолија (мултифондови) во капитално финансирано пензиско осигурување.

3. Се задолжува Работната група за подготвување на предлог решенија за изменување на законската регулатива заради воведување на повеќе инвестициски портфолија (мултифондови) во капитално финансирано пензиско осигурување да подготви и до Министерството за социјална политика, демографија и млади да достави предлог-решенија за изменување на законската регулатива заради воведување на повеќе инвестициски портфолија (мултифондови) во капитално финансирано пензиско осигурување, во рок од 180 дена од нејзиното формирање.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата со ажурирани податоци за состојбата со заостанатите неисплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Министерството за финансии да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог на закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

2.Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да извршат контрола на документацијата за неисплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и за наодите од извршената контрола да ја информираат Владата, во рок од 30 дена.

## Точка 50

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави.

2. Се определува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од Марија Аргировска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.7/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24) и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот наведува дека Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, кој е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24, се донесени по скратена постапка и без темелна анализа и консултација со експертската јавност и невладиниот сектор поради што во предметната Иницијатива до Уставниот суд бара истиот како надлежен суд, преку времена мерка да го запре извршувањето - постапувањето по Законот за јавните претпријатија како и по Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

По барање на Управниот суд за дополнување и прецизирање на предметната Иницијатива, истата подносителот ја дополнил и е заведена со У.бр.7/25 во Уставниот суд во февруари 2025 година.

Во прецизираната Иницијатива, подносителот наведува дека донесувањето на Законот за изменување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24) и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24), постапката и содржината на овие два закони се противуставни и противзаконити, односно се во спротивност со член 58 став 2 од Уставот.

Понатаму, поставува прашања дали измените на овие закони можат да одат во скратена постапка и дали заедничкото мислење за истите треба да го срочи министерството во чија надлежност се овие закони.

Во прецизираната Иницијатива, подносителот наведува дека спорните измени на Законот за трговските друштва се лажно претставени како дел од Реформската агенда, а поради сите наводи предлага Уставниот суд да утврди апсолутна ништовност на измените на Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2021 година, во врска со точката 83-Информација за преземање на мерки за борба против корупција, Владата донела повеќе заклучоци од кои и заклучокот број 14 кој гласи:

„Се задолжува Министерството за економија во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија согласно препораките за надминување на детектираните слабости во извештајот на Транспаренси интернешнел и Државната комисија за спречување на корупцијата".

По ова, Министерството за економија пристапило кон преземање на сите процедури предвидени со закон. Така, Нацрт-законот е објавен на ЕНЕР, изготвен е Извештај за ПВР, вклучени се повеќе засегнати страни при што голем дел од дадените предлози се вградени во текстот на законот. Во следната фаза врз основа на добиените мислења и предлози, изготвен е текст на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, кој е доставен на мислење до над 12 институции, а чии мислења се доставени во прилог на текстот на законот кој бил доставен до Владата на Република Северна Македонија.

Со утврдувањето на текстот на одредбите на овој закон се воспоставува транспарентност при постапката за избор на членови на управни и надзорни одбори во јавните претпријатија, како и мерит процедура при селекцијата и назначувањето на истите. Пропишани се и услови за разрешување на членовите на управните и надзорните одбори, зајакнати се критериумите за избор, намален е бројот на членови во управни и надзорни одбори, утврден е профил на лица кои можат да бидат избрани за членови на управни и надзорни одбори.

Овие промени се направени и како резултат на констатациите наведени во Стратегијата за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025, поради што преку донесувањето на конкретниот закон, јасно се прокламира целта на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, како и заложбите за транспарентност и департизација во постапките за изборот на членови на управни и надзорни одбори во јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија, општините, како и Градот Скопје.

Предлогот на законот поминал позитивно низ повеќе комисии во Владата по што истиот бил доставен во Собранието на Република Северна Македонија каде во редовна постапка ги поминал сите со закон утврдени тела на Собранието и откако е усвоен, истиот е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22.

Две години подоцна откако овој закон стапил во сила, а врз основа на утврдена состојба во овој сегмент на делување, како и укажувања од јавните претпријатија и основачите на јавните претпријатија во врска со потешкотии за избор на кандидати за членови на управни и надзорни одбори со бараните квалификации и недоволна или никаква бројка на пријавени кандидати по објавените огласи, Министерството за економија и труд изготви Закон за изменување на Законот за јавните претпријатија со кој се извршени дополнителни

прецизирања и појаснувања на одредбите од овој закон. Во дел од јавните претпријатија основани од општините подолг период од објективни причини (претходно наведени) не можеше да се изврши избор на членови на управен или надзорен одбор и истите немаа можност за непречено функционирање поради што Законот е изготвен како закон во скратена постапка, како и фактот дека во претходната постапка беа запазени сите со закон утврдени процедури при што се консултирани бројни засегнати страни, извршена е евалуација, анализи итн., односно во текстот на одредбите на последниот Закон за изменување на Законот за јавните претпријатија се допрецизирани и подетално објаснети одредбите кои и претходно се утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија од ноември 2022 година.

По донесувањето на Законот за изменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за установите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), преостана да се направат соодветни изменувања и во Законот за трговските друштва. Постапката за подготовка за донесување на овој закон ја имаше истата цел и иницијатива од аспект на борба против корупцијата, како и заложбите за транспарентност и департизација во постапките за изборот на членови на надзорен, управен одбор, одбор на директори, неизвршни членови во одбор на директори, како и независни неизвршни членови на одбор на директори во друштво со доминантна или целосна сопственост на државата. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24), Владата на Република Северна Македонија го заокружи процесот на донесување на соодветна регулатива со која се воспостави соодветна правна рамка за регулирање на критериумите за избор на независните неизвршни членови во одборот на директори и независните членови во надзорни одбори во акционерските друштва со доминантна државна сопственост, во насока обезбедување квалитетно и ефикасно управување, а со тоа да се придонесе за подигнување на стручноста и професионалноста при управувањето и надзорот врз работењето и управувањето во овие друштва.

Воедно, со регулирањето на висината на надоместокот на членовите во надзорните органи, како и со оптимизирање на бројот на членови во надзорни и управни одбори, се очекува да се постигне поголема рационализација и редуцирање на трошоците за работа на овие органи, што индиректно би можело да има позитивен ефект и на крајниот финасиски резултат кај друштвата во државна сопственост.

Во текот на 2024 година започнаа активности во врска со Commission Implementing Decision approving the Reform Agendas and the multian-nual work programme under the Reform and Growth Facility for the Western Balkans- Реформска агенда за Северна Македонија 2024-2027 година, која беше официјално усвоена од Владата на Република Северна Македонија и од Европската комисија.

Неспорно е дека Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24) е подготвен според Реформската агенда, која е составен дел од Планот за раст за земјите од Западен Балкан, донесен од Европската Унија, каде што во делот Реформи во управувањето со државни

компании, Република Северна Македонија има обврска до крајот на 2024 година да ги усвои и донесе измените на Законот, со кој за државните компании се воведуваат нови правила за именување независни неизвршни членови во одбор на директори, односно независни членови во надзорен одбор.

Република Северна Македонија ги исполни условите од Реформската агенда предвидени со рок до 31.12.2024 година, меѓу кои и донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во декември 2024 година, односно во предвидениот рок, поради што на 14 март 2025 година, до Европската комисија, беше доставено првото Барање за ослободување на средства во висина од 17,1 милиони евра за имплементација на конкретни реформски чекори, кое се реализира и средствата се веќе префрлени.

Оттука, недвосмислено и јасно е дека наводите изнесени во Иницијативата и прецизирање на Иницијативата поднесени од Марија Аргировска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.7/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24) и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24) се неосновани, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на истата.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зорица Пулејкова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.591218, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2946/5, викано место/улица „Првомајска 21“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1213, за КО Подареш, на КП бр.1658, викано место/улица „Село“ и по Понудата ги усвои негативното мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100042, за КО Караорман, на КП бр.1025, викано

место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сања Бозоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.890, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4783, викано место/улица „Финска“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.613, за КО Горно Оризари, на КП бр.572, викано место/улица „Село“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.196350, за КО Драчево 2, на КП бр.12256, викано место/улица „Црквиште“ и Имотен лист бр.196349, за КО Драчево 2, на КП бр.1377/1, викано место/улица „Чупино Брдо“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102350, за КО Гевгелија, на КП бр.2768 и КП бр.2769, викано место/улица „Деко Ковачев“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.83212, за КО Радовиш, на КП бр.2424/2, викано место/улица „Партизанска“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 61

Владата заклучи:

1. Владата го разреши Баки Мустафа од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Скопје.

2. Владата го именува Баки Мустафа за заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Климент Совковски од должноста вршител на должноста директор на Казнено- поправната установа Затвор-Охрид.

4. Владата го именува Климент Совковски за директор на Казнено-поправната установа Затвор-Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Мите Костески од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Охрид.

6. Владата го именува Мите Костески за заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Бране Стојчевски од должноста вршител на должноста директор на Воспитно – поправната установа Воспитно - поправен дом - Тетово.

8. Владата го именува Бране Стојчевски за директор на Воспитно – поправната установа Воспитно - поправен дом-Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Игор Додевски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Тетово.

10. Владата го именува Игор Додевски за заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата ја разреши Слаѓана Стаменковска од должноста вршител на должноста директор на Казнено-поправната установа Затвор-Гевгелија.

12. Владата ја именува Слаѓана Стаменковска за директор на Казнено-поправната установа Затвор-Гевгелија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Александар Донев од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт.

14. Владата го именува Александар Донев за директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Гани Максути од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за економија и труд.

16. Владата го именува Гани Максути за директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за економија и труд и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата ја разреши Стојне Данилова Ивановски од должноста секретар на Националниот совет за медијација од редот на административните службеници во државната управа.

17.1 Владата ја избра Цветанка Ацева за секретар на Националниот совет за медијација од редот на административните службеници во државната управа.

18. Владата заклучи да го повлече од Собранието на Република Северна Македонија, Предлогот за разрешување и именување на претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување бр. 18-3483/1 од 27.3.2025 година, од седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година,.

19. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Казнено-поправната установа Казнено - поправен дом - Штип.

## Точка 62

1. Со цел покривање на трошоците направени во државата, од страна на повредените лица во дискотеката ПУЛС во Кочани, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за здравство да подготви изменување на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствената заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година, со цел покривање на трошоците по основ на учество со лични средства при користење на здравствените услуги во текот на специјалистичко-консултативното и болничкото лекување (партиципација) во јавните здравствени установи во државата од страна на повредените лица.

2) Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во висина на 5.000.000,00 денари во буџетот на Министерството за здравство за Програмата за

партиципација при користење на здравствената заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствената заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година.

**2.** Владата по однос на доставената листа на субјекти на кои им е одземена лиценцата, а кои имаат склучен договор за доделување на концесија за минерални суровини, од страна на Министерството за транспорт до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во најкраток можен рок да даде насоки за инспекциска проверка на субјектите на кои им се доделени концесии, а на кои во меѓувреме им е одземена лиценцата од страна на Министерството за транспорт.

**3.** Владата го разгледа Известувањето од Агенцијата за управување со одземен имот за донесени одлуки за отстапување на привремено одземени предмети, без надомест на државни институции, како материјал за информирање.

**4.** Владата заклучи Извештајот за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација, за период од 1 јули 2024 година до 31 декември 2024 година повторно да се разгледа на седница на Влада, откако ќе се усогласи со Министерството за финансии.

**5.** Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Александар Николоски, а во однос на потребата да се обезбедат правни услуги од адвокатска канцеларија со стручност, експертиза и искуство потребно за успешна реализација на договарањето на условите на ФИДИК договорите, го задолжи Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во најкраток можен рок да спроведе постапка за ангажирање на Меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража.

**6.** Владата во врска со проблемот со реализација на проектот за изградба на катна гаража во Охрид, заклучи:

„Се укажува на Управата за заштита на културно наследство, во најкраток можен рок, да достави конзерваторско одобрение за проектот за изградба на катната гаража до Општина Охрид, со цел Општината да може да добие дозвола за градба на објектот од јавен интерес-катна гаража“.

<u>Точка 63</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт со трет квартал во 2024 година согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110–Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110–Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1 јануари до 31 декември 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Захариев против Северна Македонија А. бр. 26760/22, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишен извештај за работата на Економско – социјалниот совет во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Спогодбата за основање на Економско – социјалниот совет, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Извештајот за реализирани активности во 2024 година од Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за периодот 1.10.2024 година - 31.12.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес, за периодот октомври - декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јули-декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за управување со одземен имот за 2023 година и Ревидираниот финансиски извештај на Агенцијата за управување со одземен имот за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за управување со одземен имот да иницира постапка за лицата одговорни за ненавремено доставување на Годишниот и Ревидираниот финансиски извештај до Владата, согласно законските рокови за оваа обврска.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за управување со одземен имот, за период од 1 јули 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за судска постапка заведена пред Основен граѓански суд Скопје, под 58 ТС-51/18, по тужба на тужителот Република Северна Македонија против првотужен Кончар-Апарати за домаќинство ДОО-Загреб, Република Хрватска и второтужен Зоран Најдовски од Скопје, за утврдување на право на сопственост и ништовност на договор, со вредност на спорот 32.067.040,00 денари по повод доставен Предлог за повторување на постапка од тужените-предлагачи Кончар-Апарати за домаќинство ДОО-Загреб, Република Хрватска и Зоран Најдовски од Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 12 март 2025 година до 18 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 76**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 април 2025 година до 15 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 77**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 9 април 2025 година до 15 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за изградба на државен пат, А4 делница Струмица-Дабиље).

**Точка 79**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и шеста одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и шеста одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и прва одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и прва одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и петта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и петта одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и шеста одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и шеста одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 83

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и седма одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и седма одлука), со заклучок да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, а Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи да достави мислење по истата.

## Точка 84

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и осма одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и осма одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и деветта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и деветта одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесетта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесетта одлука), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 87

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година и условно го усвои доколку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија достави допис со образложение за разликата што се јавува во износот на реализацијата на приходи и расходи на Фондот за 2024 година со трезорската евиденција.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |